Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**април 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ........................................ 2
**1. РЕАЛЕН СЕКТОР ........................................ 3**
Индустриско производство ........................................ 3
Број на работници во индустријата ........................................ 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........................................ 5
Број на извршени градежни работи по видови објекти ........................................ 6
Инфлација ........................................ 7
Берзански цени ........................................ 8
**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ........................................ 10**
Извоз ........................................ 10
Увоз ........................................ 11
Салдо на трговска размена ........................................ 12
Валутна структура ........................................ 13
**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ........................................ 14**
Буџетски приходи според економската класификација ........................................ 14
Буџетски расходи според економската класификација ........................................ 15
Расходи по буџетски корисници ........................................ 16
Буџетско салдо ........................................ 17
**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ........................................ 18**
Новвработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........................................ 18
Плати ........................................ 19
Пензии ........................................ 20
**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ........................................ 21**
Примарни пари ........................................ 21
Депозитен потенцијал ........................................ 21
Кредити на банките ........................................ 22
Каматни стапки на депозитни банки ........................................ 23
Пазар на капитал ........................................ 23
Девизни резерви ........................................ 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## април 2024 година

- Во април 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во април изнесува 4,0% и таа остана непроменета во споредба со минатиот месец. На месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 0,7%;
- Во периодот јануари - април 2024 година извозот забележа пад од 5,3%, а увозот раст од 3,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 34,6%, споредено со истиот период од 2023 година;
- Во април 2024 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваат 98.319 милион денари, односно 10,0% од БДП, што претставува повисоко остварување за 12,7% во однос на април 2023 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во април 2024 година изнесуваат 112.728 милиони денари, односно 11,5% од БДП, што е за 13,0% повеќе во однос на април претходната година;
- Во април 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 6,8% во спореба со април 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во април 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,2% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 39,6%, додека секторите Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен бележат раст, и тоа за 4,7% и 0,3%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Во април 2024 година, раст на производството бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 62,3% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, во април 2024 година е забележан раст во сите гранки: производството на машини и уреди за 10,9% со придонес од 0,7 п.п., производството на електрична опрема за 26,2% со придонес од 1,4 п.п., производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 14,9% со придонес од 2,0 п.п. и производството на метали за 5,3%, со придонес од 0,2 п.п..

Од традиционалните гранки, зголемување на производството во април 2024 година се забележува кај гранките: производство на текстил за 12,5% и придонес од 0,6 п.п., производство на пијалаци за 11,4% и придонес од 0,4 п.п., прехранбена индустрија за 7,9% и придонес од 0,8 п.п., додека намалување на производството се забележува во следните гранки: производство на тутунски производи за 35,3% и придонес од -0,4 п.п., производство на облека за 21,6% и придонес од -1,4 п.п., производство на кожа за 5,9% и придонес од 0,0 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 7,7% и придонес од -0,1 п.п..

Намалувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во април 2024 година е резултат на намаленото производство во следните групи: Енергија (пад од 37,1% и придонес од -4,8 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 1,3% и придонес од -0,4 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 3,5% и придонес од -0,1 п.п.), додека зголемување на производството бележат следните групи: Капитални производи (раст од 17,2% и придонес од 4,0 п.п.), и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 1,9% и придонес од 0,6 п.п.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

На кумулативна основа, во периодот јануари - април 2024 година индустријата забележа пад од 2,6%, што се должи на намаленото производство во секторите: Рударство и вадење камен за 1,7% (придонес од -0,2 п.п.) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 27,9% (придонес од -3,4 п.п.), додека секторот Преработувачка индустрија бележи раст од 0,8% (придонес од 0,6 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2024 година)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2024 година)*




Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - април 2024 година е регистриран единствено во групата Капитални производи (8,8%). Во групата Интермедијарни производи освен енергија не е регистрирана промена, додека пад бележат гранките: Енергија (за 26,3%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 2,2%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 4,9%).

## Број на работници во индустријата

Во април 2024 година, бројот на работници во индустријата е зголемен за 2,0% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен од 5,1%, Преработувачка индустрија од 1,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,9%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: поправка и инсталирање машини и опрема за 52,6%, производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 25,1% и производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 20,0%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници се забележува во следните групи: Енергија за 4,5%, Капитални производи за 18,7% и Трајни производи за широка потрошувачка за 13,7%.

Кумулативните податоци покажуваат дека во периодот јануари – април 2024 година бројот на работници во индустријата бележи раст од 1,9%, што се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,6%, Преработувачка индустрија за 1,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - април 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 4,4%, Капитални производи за 16,7% и Трајни производи за широка потрошувачка за 8,2%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2024 година издадени се вкупно 257 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 22,1% во однос на истиот месец од 2023 година. Ова се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 6,2% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 52,9%) и за реконструкција на објекти за 1,5%. Споредено со март 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 19,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2024 година на годишна основа е пониска за 16,6%, а во однос на претходниот месец таа бележи пад од 2,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 136 (или 52,9%) се наменети за објекти од високоградба, 56 (или 21,8%) за објекти од нискоградба и 65 (или 25,3%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 257 издадени одобренија за градење на 121 објект (или 47,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 136 објекти (или 52,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во април 2024 година предвидена е изградба на 710 станови со вкупна корисна површина од 55.611м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 29,9%, а на годишно ниво е зголемен за 80,7%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(април 2024)*




**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Во март 2024 година извршени се градежни работи во вкупна вредност од 2.633 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 13,0%, при што кај високоградбата се забележува пад од 22,3%, а кај нискоградбата раст од 30,3%. Споредено со февруари 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежни работи бележи раст од 37,0%, кај вискоградбата од 41,0%, а кај нискоградбата од 34,9%. Кумулативно, во периодот јануари – март 2024 година, вредноста на извршените градежни работи изнесува 6.724 милиони денари, што претставува намалување од 2,7% во споредба со истиот период минатата година.




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите три месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 4.702 милиона денари, односно за 24,5% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 37,5% и изнесува 1.826 милиони денари.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - март 2024 година се зголеми за 2,8%, при раст кај нискоградбата (31,6%) и пад кај високоградбата (34,0%).

## Промет во секторот трговија

Во април 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот од 19,6%, по падот од 1,8% во март. Вредноста на прометот во април 2024 година изнесува 68.990 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - април 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 254.286 милиони денари, што е за 4,6% повеќе во однос на истиот период минатата година.




Кумулативно, во перидот јануари - април 2024 година, позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 137.837 милиони денари, односно за 6,9% повеќе во однос на истиот месец претходната година, трговија со моторни возила и поправки чија вредност на прометот изнесува 16.411 милиони денари, односно за 7,7% повеќе во однос на истиот период минатата година и трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 100.038 милиони денари, што е за 1,1% повеќе во споредба со иститот месец минатата година.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

На реална основа, трговијата на мало во април 2024 година бележи годишен раст од 3,9%, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во сите групи: трговија на мало со автомобилски горива за 2,7%, трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 1,1% и трговија на мало со непрехранбени продукти за 7,7%.

Во април 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,45%), потоа Трговија на мало (38,47%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (7,08%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во април 2024 година изнесува 4,0% и таа остана непроменета во споредба со претходниот месец. Овој месец инфлацијата главно произлегува од прехранбената и базичната компонента, при што растот во категоријата храна регистрираше забрзување, а тој раст главно произлегува од зголемените цени на овошјето и зеленчукот.

Во април, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) забележува забавување и изнесува 4,1% на годишна основа (5,1% претходниот месец). Овој месец најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели, а потоа следат цените во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици.

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1] забележаа раст од 4,7%, односно зголемување од 1,2 п.п. во споредба со претходниот месец, при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во април е зголемен и изнесува 1,9 п.п.. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: зеленчук (12,7%, придонес од 0,6 п.п.), овошје (26,4%, придонес од 0,5 п.п.), леб и жита (3,0%, придонес од 0,2 п.п.) и млеко, сирење и јајца (3,2%, придонес од 0,2 п.п.). Негативен придонес во цените на храната имаа цените на маслото (-0,1 п.п.).

**Графикон 1.11:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во април 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 6,2% (придонес во растот на вкупна инфлација од 0,4 п.п.).

[1] Од март 2024 година престана да важи мерката за намалување на цените за 10% на основните прехранбени производи кои во малопродажбата се продаваа со ознаката „гарантирана цена“.

Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,8%[2], Разновидни стоки и услуги од 5,7%, Здравствена заштита од 5,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,9%, Комуникации од 3,6%, Облека и обувки од 3,2%, Рекреација и култура од 3,1%, Транспорт од 2,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,5%. Намалување се забележува единствено во категоријата Образование од 0,6%.

Во април, потрошувачките цени се зголемија за 0,7% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,9%). Цените на храната се зголемија за 0,9% и најголем придонес во зголемувањето имаше растот на цените во категориите месо и млеко, сирење и јајца од 0,2 п.п. и овошје од 0,1 п.п..

Графикон 1.12: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во април 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,5% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,1%. Во првите четири месеци од 2024 година, цените на мало се зголемија за 3,2% на годишно ниво.

Во април 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната остана непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 2,4%.

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за еврозоната во надолна насока, и тоа за 0,5 п.п. за 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година е останува иста. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,7%, во 2025 година 2,1% и во 2026 година 1,9%. За 2024 година се очекува постепено намалување на инфлацијата, а на крајот од годината намалување на главните компоненти на инфлацијата, со што ќе се постигне таргетот на ЕЦБ од 2,0% во втората половина од 2025 година.

## Берзански цени

Во април 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се зголеми за 5,4% на месечно ниво и изнесува 90,1 долар за барел, што ги рефлектира зголемените геополитички тензии и потенцијалните ризици од страна на понудата. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 7,1%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.

Во април 2024 година, цената на природниот гас регистрира раст од 5,5% на месечно ниво. Овој месец цените се зголемија како резултат на зголемените тензии помеѓу Иран и Израел, кои се заканувaат да го нарушат глобалното снабдување. Европа, исто така, стана поранлива на глобалните пазари поради тоа што протокот на гас од Русија кон Европа речеси целосно престана поради војната. Случувањата на глобалните пазари ја зголемуваат загриженоста на понудата, и покрај завршената зимска сезона, што се рефлектира со повисоки цени. Во април 2024 година, цената на природниот гас се зголеми за 7,1% на годишно ниво.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка, пресметки на МФ

Во 2023 година дојде до стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и на регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Трендот на намалување на цената продолжи и во 2024 година. Цената на електричната енергија во април 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 61,96 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 4,9%, а на годишно ниво за 41,9%.

Во април 2024 година, цените на основните метали регистрираа зголемување во споредба со претходниот месец. На месечно ниво се зголемија цените на: калајот за 15,8%, алуминиумот за 12,6%, цинкот за 11,0%, бакарот за 8,9%, никелот за 4,2% и оловото за 3,6%. На месечна основа се зголеми и цената на железната руда, и тоа за 2,7%.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Раст на месечно ниво регистрираа и цените на благородните метали. Во април, цената на златото се зголеми за 8,0%, а трендот на раст го следеа и другите благородни метали, па така цените на среброто и платината се зголемија за 12,1% и 3,5%, соодветно.

Во април, цената на пченката се зголеми за 0,6%, додека цената на пченицата се намали за 0,3% на месечна основа. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 2,1% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2024 година изнесува 6.394,1 милион евра и бележи пад од 0,2% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија (износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[3]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,9 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 63,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите четири месеци од 2024 година изнесува 24,6% и е намалено за 0,8 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите четири месеци од 2024 година изнесува 2.639,1 милион евра и бележи пад од 5,3% (148,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 1,3%.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 (износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во април 2024 година изнесува 709,2 милиона евра и бележи раст од 7,2% (47,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 12,4% споредено со април од 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во април 2024 година извозот бележи пад од 1,8% (12,8 милиони евра) во однос

[3] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 5,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (7,1 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите четири месеци од 2024 година е зголемена за 25,6 милиони евра, што претставува раст од 17,4% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 15,1%. Растот на вредноста на извозот на храна е проследен и со зголемување на количината на извозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите четири месеци од 2024 година изнесува 6,5% или зголемување за 1,3 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - април 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Заедница на независни држави, а раст во следните групации: Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Западен Балкан. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 5,8% на годишно ниво и во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,4%, додека извозот кај земјите од Западен Балкан бележи раст од 8,1% и во вкупниот извоз на нашата земја учествува со 12,9%.

Графикон 23: Структура на извозот по СМТК




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - април 2024 година изнесува 3.754,9 милиони евра и бележи раст од 3,8% (138,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 0,1%.

Вредноста на увозот во април 2024 година изнесува 1.017,5 милиони евра, што претставува раст од 18,7% (160,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се зголемени за 22,7% споредено со април 2023 година.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Анализирано на месечно ниво, во април 2024 година увозот бележи раст од 2,5% (25,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 4,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,0 п.п.) врз увозот овој месец.







Вредноста на увозот на храна во првите четири месеци од 2024 година е зголемена за 53,3 милиони евра, што претставува раст од 17,1% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 22,7%. Растот на вредноста на увозот на храна е проследен и со зголемување на количината на увозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во првите четири месеци од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,7% и е зголемено за 1,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2023 | I-IV-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 40,0 | 49,6 | 9,6 | 24,0 |
| Мил.ЕУР | 33,9 | 36,6 | 2,6 | 7,8 |
| Мил.$ | 36,5 | 39,6 | 3,0 | 8,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2023 | I-IV-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 389,2 | 352,5 | -36,8 | -9,5 |
| Мил.ЕУР | 290,6 | 273,0 | -17,7 | -6,1 |
| Мил.$ | 313,1 | 295,4 | -17,7 | -5,7 |

*) Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2023 | I-IV-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 24,7 | 16,3 | -8,4 | -33,8 |
| Мил.ЕУР | 822,0 | 675,2 | -146,8 | -17,9 |
| Мил.$ | 886,4 | 730,2 | -156,2 | -17,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2023 | I-IV-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 8,3 | 10,7 | 2,5 | 29,7 |
| Мил.ЕУР | 59,1 | 63,9 | 4,8 | 8,1 |
| Мил.$ | 63,7 | 69,1 | 5,4 | 8,4 |

*) Претходни податоци

| Извоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2023 | I-IV-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 239,6 | 236,1 | -3,4 | -1,4 |
| Мил.ЕУР | 204,5 | 184,6 | -19,8 | -9,7 |
| Мил.$ | 220,5 | 199,9 | -20,5 | -9,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2023 | I-IV-2024 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 218,8 | 210,4 | -8,4 | -3,8 |
| Мил.ЕУР | 166,4 | 147,0 | -19,4 | -11,6 |
| Мил.$ | 179,6 | 159,2 | -20,4 | -11,4 |

*) Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - април 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 34,6% односно 286,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во април 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 57,7% односно 112,8 милиони евра споредено со април 2023 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци како и од намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2024 година, 87,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Србија, Италија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Белгија, Унгарија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,7% од трговската размена во периодот јануари - април 2024 година е реализирана во евра што во однос на истиот период од 2023 година претставува намалување за 0,2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,6% и 90,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 0,3 п.п., а кај увозот намалена за 0,4 п.п. во однос на периодот јануари – април 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-IV -2023 | | | | | I-IV -2024 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 2.052,4 | 3.296.572.133 | 61,6574 | 203.258.066.650 | 91,1 | 2.058,1 | 3.406.294.764 | 61,5892 | 209.790.969.469 | 90,7 | 109.722.631 | 3,3 |
| УСД | 173,3 | 316.598.479 | 57,2133 | 18.113.643.741 | 8,1 | 163,5 | 335.623.094 | 56,8844 | 19.091.718.337 | 8,3 | 19.024.615 | 6,0 |
| ГБП | 0,6 | 7.229.561 | 69,8762 | 505.174.276 | 0,2 | 1,1 | 9.751.483 | 71,9191 | 701.317.848 | 0,3 | 2.521.921 | 34,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.226,4 | | | 221.876.884.668 | 99,3 | 2.222,8 | | | 229.584.005.654 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 2.231,5 | | | 223.043.779.823 | 100,0 | 2.229,4 | | | 231.266.458.662 | 100,0 | | 3,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Во периодот јануари – април 2024 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваат 98.319 милиони денари, односно 10,0% од БДП, што претставува повисоко остварување за 12,7% во однос на истиот период од 2023 година. Во споредба со април претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 36,3%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи, придонесите и во помал обем на неданочните приходи (придонес од 22,2 п.п., 11,4 п.п. и 1,7 п.п., соодветно). Притоа, во април 2024 година даночните приходи забележаа раст од 38,9% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на сите даноци.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – април 2024 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 56.323 милиони денари. Тие се повисоки за 18,1% во однос на периодот јануари – април 2023 година, како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и други даночни приходи.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 43,1% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 24.264 милиони денари и бележат зголемување од 16,1% во однос на периодот јануари – април претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 38.368 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 14.104 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 9,1%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 1,3% споредено со 2023 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 9,9%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 7,2%. Акцизите се остварени во износ од 8.751 милион денари (учество од 15,5% во даночните приходи), што претставува зголемување од 8,6% во споредба со периодот јануари – април 2023 година. Така, приходите само од овие два индиректни данока изнесуваат 33.015 милиони денари, што претставува 58,6% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – април 2024 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваат 10.123 милиони денари и бележат раст од 25,7% на годишна основа, а притоа 62,4% од приходите се од плата и други лични примања, 9,1% од приходи од капитал, 8,2% од приходи по основ на договор на дело, 6,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 13,4% од други видови данок на доход.

Во периодот јануари – април 2024 година, приходите од данокот на добивка изнесуваат 8.699 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 23,4% во однос на истиот период претходната година, и тоа како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 9,3% и даночните биланси за 40,2%.

Приходите од царина се остварени во износ од 4.124 милиони денари и забележаа зголемување од 21,3%. Приходите од други даноци со остварен износ од 362 милиона денари забележаа зголемување за 58,1% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 33.842 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 19,7% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,7%, кај придонесите за вработување за 19,6% и кај придонесите за здравствено осигурување за 19,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Неданочните приходи изнесуваат 6.487 милиони денари и во однос на периодот јануари – април 2023 година забележаа повисоко остварување за 28,0% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствarija во износ од 289 милиони денари, што преставува зголемување од 2,5% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствarija во износ од 936 милиони денари, односно пониски за 83,0% во однос на истиот период од 2023 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во периодот јануари – април 2024 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваат 112.728 милиони денари, односно 11,5% од БДП, што е за 13,0% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со април претходната година, буџетските расходи бележат намалување за 5,1%, што се должи на намалувањето на капиталните трошоци за 86,6%, додека тековните трошоци бележат зголемување за 24,2%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – април 2024 година, тековните расходи во износ од 104.646 милиони денари учествуваат со 92,8% и се зголемија за 21,1% во однос на периодот јануари – април 2023 година.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории *(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 13.815 милиони денари, што претставува зголемување за 24,3% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваат 7.092 милиона денари и споредено со периодот јануари – април 2023 година забележаа зголемување од 18,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаат трансферите, коишто изнесуваат 75.816 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 16,0% во однос на периодот јануари – април 2023 година, а учествуваат со 67,3% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Буџетски остварувања (во %)




Извор: МФ.

Во рамки на трансферите, раст од 18,4% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваат 55.422 милиона денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 49,2%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваат 35.232 милиона денари, што претставува

зголемување за 22,0% споредено со периодот јануари – април 2023 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 31,3%. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 10,7%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 10.135 милиони денари, што претставува зголемување за 10,5%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 8.483 милиони денари бележат зголемување од 12,0% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваат 8.082 милиона денари со структурно учество од 7,2% во вкупните расходи, така што забележаа пониска реализација од 39,3% во споредба со периодот јануари – април 2023 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – април 2024 година, Министерството за труд и социјална политика реализира 27.914 милиони денари или 47,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (74,3%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 20.739 милиони денари или 52,9% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 17,9% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 36,7% (4.997 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 12.808 милиони денари, што е 34,0% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (55,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 7.161 милион денари или 33,4% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,2%, за што се потрошени 2.332 милиона денари, односно 35,4% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(април 2024 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – април 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 4.923 милиони денари, што претставува 37,7% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 64,9%, за што се потрошени 3.196 милиони денари или 34,9% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,0%. За таа намена се реализирани 885 милиони денари или 40,4% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 4.477 милиони денари што претставува 53,4% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 94,2% во вкупните расходи, реализирани се 60,9% од планираните средства за цела година, односно 4.216 милиони денари.

Во периодот јануари – април 2024 година, Министерството за одбрана реализира 4.956 милиони денари, што е 24,6% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 38,7%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.917 милиони денари (32,8% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат

со 28,9% во вкупните расходи, а за оваа ставка се потрошени 1.433 милиони денари, односно 21,7% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 1.517 милиони денари, односно 29,3% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 55,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 834 милиони денари (25,8% од предвидените средства).

Во периодот јануари – април 2024 година, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 2.664 милиони денари или 34,7% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 58,1%, за што се потрошени 1.547 милиони денари или 44,2% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 854 милиони денари (27,0% од планираното за годината) и учество од 32,1% во вкупните расходи.

Во овој период, Министерството за транспорт и врски реализира 985 милиони денари, што е 4,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 64,3% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (633 милиони денари или 3,3% од вкупно планираните средства).

Во јануари – април 2024 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 385 милиони денари, што претставува 22,4% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (203 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 52,8%, а притоа се реализирани 34,2% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 26,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 101 милион денари или 16,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – април 2024 година дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 14.409 милиони денари, што претставува 1,5% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 20.549 милиони денари или 2,1% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – април 2024 година изнесува 43,0% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

**Графикон 3.5.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите четири месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 64.200 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 0,5%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 42,9% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во април 2024 година, 14,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во април 2024 година изнесува 150.522, од кои 103.767 лица се активни баратели на работа, а 46.755 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 2,4%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на март 2024 година, бројот на невработени е намален за 2.774 лица. Бројот на невработени лица во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст, а почнувајќи од март 2021 година наваму бележи тренд на месечно намалување.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,0%) е градско население, а според половата структура 48,6% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,2% е со непотполно средно образование или помалку, 24,3% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,3% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 58,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 12,7% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Просечната номинална нето-плата во март 2024 година изнесува 40.496 денари и оствари годишен раст од 16,0%, а во однос на февруари 2024 година таа е повисока за 3,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на март 2023 година се забележува во следните сектори: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (21,9%), Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (21,3%) и Образование (20,5%). Во март 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 11,5%.

Највисока просечна нето-плата во март 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (75.828 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (96.573 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 55.315 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 52.795 денари и секторот Рударство и вадење камен со просечно исплатена нето-плата во висина од 50.997 денари.

Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, март 2024 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во март 2024 година изнесува 60.803 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 16,2%, а на месечна основа таа е повисока за 3,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во март 2024 година во однос на март 2023 година се забележува во следните сектори: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (22,2%), Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (21,7%) и Образование (20,9%).

## Пензии

Во април 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 337.054 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 70,2% се корисници на старосна пензија, 0,2% на воена пензија, 0,01% на земјоделска пензија, 21,9% на семејна пензија и 7,8% на инвалидска пензија.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во април 2024 година изнесува 21.299 денари односно за 11,9% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,3%.

Просечната старосна пензија во април 2024 година изнесува 22.951 денар, просечната инвалидска пензија 18.880 денари, земјоделската пензија 10.991 денар, воената пензија 29.907 денари, а просечната семејна пензија 16.772 денара. Вкупните социјални трансфери изнесуваат 14.498 милион денари.

[5] При пресметката на просечната пензија вклучени се воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во април 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 6,30%. Во првата половина од 2023 година продолжи трендот на зголемување на основната каматна стапка со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност во услови на зголемени цени, меѓутоа веќе седум месеци по ред основната каматна стапка е непроменета односно остана на нивото од 6,30%.

Во април 2024 година, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

## Примарни пари

Во април 2024 година, примарните пари[6] се зголемија за 12,6% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 22,8% и растот на готовите пари во оптек за 3,9%.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 22,1%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 37,2% и растот на готовите пари во оптек за 9,9%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(април 2024 година)




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[7]

Во април 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 1,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на домаќинствата се зголемија за 2,7%, додека депозитите на претпријатијата се намалија за 1,3%.

Од аспект на валутата, во април 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 2,6%, додека депозитите во странска валута се намалија за 0,3%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Во април 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 9,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија на годишно ниво за 13,3% и 4,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 8,0% на годишно

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 10,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***538.272*** | ***1,3%*** | ***9,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *307.823* | *2,6%* | *13,3%* |
| *Странска валута* | *230.449* | *-0,3%* | *4,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *213.833* | *-0,8%* | *0,0%* |
| *Долгорочни* | *126.549* | *1,7%* | *23,9%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***454.676*** | ***1,2%*** | ***6,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *265.987* | *1,3%* | *9,3%* |
| *Странска валута* | *188.689* | *1,1%* | *3,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *67.712* | *-2,1%* | *-2,1%* |
| *Долгорочни* | *371.046* | *1,9%* | *8,6%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити останаа непроменети, а долгорочните депозити се зголемија за 23,9%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,2% и овој месец тоа е зголемено.

## Кредити на банките

Во април 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,2% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 0,5% и раст на кредитите на претпријатијата за 2,0%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 1,3% и 1,1%, соодветно.

На годишна основа, во април 2024 година, вкупните кредити се зголемија за 6,8%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата од 6,6% и 7,0%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 9,3%, а кредитите во странска валута за 3,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,6%, додека краткорочните кредити се намалија за 2,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,51%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 5,89%, а каматната стапка на девизните кредити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 5,03%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во април 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,82%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 2,30%, а на девизните депозити за 0,02 п.п. и изнесува 1,40%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,49%, а на новоодобрените девизни кредити 5,43%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,94% и 2,01%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во април 2024 година се зголеми за 4,6% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 63,7%, додека прометот од класичното тргување за намали за 17,4%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во април 2024 година изнесува 662,8 милиони денари што претставува намалување за 32,2% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2024 година изнесува 7.292,01 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 3,2%, а во однос на истиот месец претходната година за 22%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на април 2024 година е 4.329 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 1,0%, а во однос на април  2023 година за 5,0%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0